ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВУК КАРАЏИЌ“
КУМАНОВО



**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО**
**УЧЕБНА 2022/2023 ГОДИНА**

ООУ “Вук Караџиќ” Куманово



**Јуни 2023 година**

# С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД ........ 2
1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ........ 2
3. ВИЗИЈА И МИСИЈА ........ 7
4. СТЕКНАТИ ИСКУСТВА ........ 7
5. РЕАЛИЗИРАНИ ПОДРАЧЈА, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ........ 8
6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА ПО СТРУКТУРНИ ПОДРАЧЈА ........ 13
7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ........ 16
8. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ И НАТПРЕВАРИ . 21
9. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРУГИ ВОНАНСТАВНИ АКТИВНОСТИ ........ 23
10. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ ........ 25
11. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ ........ 25
12. СОРАБОТКА СО ЛОКЛАНАТА ЗАЕДНИЦА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ........ 29
13. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА ........ 32
14. УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА ........ 33
15. РЕДОВНОСТ И ДИСЦИПЛИНА ........ 39
16. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 41
17. МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНСТАТИРАНИТЕ СОСТОЈБИ ........ 42

**ВОВЕД**

Според членот 126 и 140 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 103/2008 и измени и дополнувања бр. 33/10,116/10,156/10,18/11, 42/11, 51/11, 6/12,100/12, 24/13, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016), Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование во училиштето, членот 12-17 од Статутот на ООУ „Вук Караџиќ“ Куманово, наставните планови и програми за основно образование донесени од Министерството за образование и наука, на предлог на Наставнички совет и Училишниот одбор на седницата одржана на 29.06. 2023 година до Совет на општина Куманово предлага Годишен извештај за работа на училиштето за учебна 2022/2023 година.

Годишниот извештај за работа на училиштето за 2022/2023 е изготвен врз основа на извештаи на наставниците и стручните соработници, како и врз основа на увид во реализацијата на Развојниот план и годишната програма за работа на училиштето од страна на тимот за следење и евалуација, директорот и психолошко-педагошката служба, училишната документација и извештаи од страна на Државниот просветен инспекторат од посети во текот на училишната година и извештај од извршен интегрален увид од 23-25 април 2019 година.

1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

**Општи податоци за училиштето:**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ„Вук Караџиќ“ |
| **адреса, општина, место** | Ул.„Браќа Филиповиќ“ 17 Куманово |
| **телефон** | 031 424314 |
| **фах** | 031 242314 |
| **е-маил** | ou-vukkaradzhikj-kumanovo@schools.mk |
| **основано од** | Собрание на општина Куманово-Секретаријат за општествени дејности бр. 11-9097/1 од 7.12.1978 |
| **Верификација- број на актот** | Решение од МОН бр 10-1030/3 |
| **Година на верификација** | 5.6.1995 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1974 |
| **Тип на градба** | цврста градба |
| **Површена на објектот** | 2713м² |
| **Површина на училшниот двор** | 1400 м² |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 800м² |
| **Училиштето работи во смена** | Во две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | Самостојно парно греење |

| | |
|---|---|
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 18 |
| **Број на смени** | 2 |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | / |
| **Датум на добиен статус** | / |

**Просторни услови за работа на училиштето:**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | 0 |
| **Бруто површина** | |
| **Нето површина** | 2713м² |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | П+1 |
| **Број на училници** | 17 |
| **Број на помошни простории** | 3 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење |

| | |
|---|---|
| **Материјално технички услови** | Смарт табли – 3, ЛЦД проектори-3;Лап топ за ученици во одделенска настава-64 и 6 полначи; Куќишта-20 и работни места-182 за ученици –Линукс Еду Бунту; Број на лап топ за наставници-26; Персонални компјутери-4; Кабинет по информатика- 1 сервер, 2 рутери и 10 компјутери со Виндовс; Принтери-3;Скенер-1;Фотокопир-1; Флип камера-1;Дигитална фотокамера-1;Звучници-2;ТВ приемници-2;ДВД со УСБ приклучок -1; Сателитска антена -1;Хармониум-1;Дигитални касетофони-3; Опрема за кабинети по физика и хемија од грантот„Тоше Проески“;Табла за флип чарт со ногарки-1;Платно за проекции-1;Бела магнетна табла- 4 Пинг понг маса со рекети и мрежа-1;Шаховски табли- 10, Плутани табли -2 Наставни средства по математика и природни науки-модели на дропски, геометриски тела, часовник, конструкторски прачки, нумерички стапчиња; 6 комплети дидактички материјали за Кембриџ програма 1-3 одделение; 6 повеќенаменски интерактивни календари и библиотеки на тркала за одделенска настава од Фондацијата „Чекор по чекор“ Наставни средства по ТО- компјутерски управувани контролни уреди со упатство за работа- 2 комплети, 1 комплет на едукативен робот, 5 комплети за работа на соларна енергија |

| | |
|---|---|
| Набавени материјално технички средства | - 100 парчиња лектирни изданија за училишна библиотека; потрошен материјал за настава по хемија, спортски риквизити за физичко и здравствено образование (топки и јажиња за скокање); 10 клупи за компјутери; донации од Проектот Мозаик- 5 фудбалски топки,5 хулахопи,1 сет чуњеви, 1 пумпа; донација од Фондацијата Градиме заеднички мостови-3 топки за одбојка,2 топки за кошарка,2 топки за фудбал,10 јажињаза скокање, 2 пикада,2 обрачи и 2 табли за кошеви, 2 гола за ракомет;56 маици за ученици, прибор за одржување на еко акции,садници за озеленување на училишен двор ( 150 парчиња); 1 лулашка, 1 клацкалка, 3 жардињери со клупи за седење за училишен двор; 10 фудбалски топки донација од католичка црква во Куманово; поставен паркинг за велосипеди;поставена рампа на влезните скали; 119 книги белетристика и класична литература донација од МОН во рамките на Проектот „Ѕвезди на светската книжевност“; 50 книги,донација од МОН од едицијата Ѕвезди на светската книжевност; донациај од НВО Садакаја-2 душека и 6 топки за физичко ЦД плеер;географски и историски карти,компас,шестар и триаголник за матеметика,електрично коло за физика; 3 ракометни топки; 2 постери од проектот Мултиетничка интеграција во образованието , 3 Прирачници за настава по Македонски јазик и литература, 1 Нумерус,<br>Санирана е просторијата за физичко и здравствено образование за одделенска настава, извршени се поправки на ѕидовите и цоклата во ходниците на 1 и 2 спрат, поставен е ламинат во двете училиници за 1 одделение и отворена е врата на просторијата за целодневен престој; набавен е фрижидер за децата во целодневен престој; во просториите на библиотеката и канцелариите се набавени завеси и клима уред за канцеларија на секретарот и домаќинот, биро за секретарот на училиштето; во училниците за одделенска настава се поставени полици и шкафови за катчиња; реновиран под и ѕидови во салата за физичко и здравствено образование,заменети оштетени санитарии, поставени закачалки во соблекувални. |

**Структура на училиштето:**

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Вкупно 9 членови-<br>1.Од Наставнички совет: Николче Јакимовски, Сања Антиќ, Јелена Мандиќ<br>2.Од Совет на родители: Марина Колевска, Елизабета Пандиловска, Надица Костовска<br>3.Од локлана самоуправа: Ненад Божиновски<br>4. Од Ученички парламент: Теја Белчевска, Ерион Јумеровски |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | Вкупно18 членови |

| | |
|---|---|
| Селмина Саитовска | 1[1] |
| Елеонора Денковска | 1[2] |
| Надица Костовска | 2[1] |

| | |
|---|---|
| Ненад Димишковски | $2^2$ |
| Мирјана Михајловиќ | $3^1$ |
| Тања Младеновиќ | $3^2$ |
| Ајредин Сабединов | $4^1$ |
| Паула Трајковска | $4^2$ |
| Александра  Антевска | $5^1$ |
| Клаудија Антоновска | $5^2$ |
| Драгица Орозовска Јовановска | $6^1$ |
| Марија Петковска | $6^2$ |
| Горан Павловски | $7^1$ |
| Елизабета Пандиловска-зам- | $7^2$ |
| Маја Крстевска | $8^1$ |
| Емилија Димковска | $8^2$ |
| Оливер Митровски | $9^1$ |
| Марина Колевска-претседател | $9^2$ |

| | |
|---|---|
| **Стручни активи (видови)** | Стручен актив на одделенска настава,<br>Стручен активна природна група предмети и<br>Стручен актив на општествена група предмети |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Совет на одделенски наставници-10+ 3 стручна служба<br>Совет на предметни наставници-19+3 стручна служба |
| **Членови на ученичка заедница (број на ученици)** | 16 ученици -5 машки, 11 женски од 6-9 одделение |
| **Членови на еко-одбор (број)** | 22 |
| **СИТ-тим за мултиетничка интеграција** | 7 |

**Наставен кадар:**

| **Одд.** | **вкупно** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Срби** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 42 | 8 | 28 | / | / | / | / | / | / | 3 | 2 |
| **Број на наставен кадар** | 28 | 4 | 22 | | | | | | | / | 2 |
| **Број на стручни соработ** | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работ** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| **Техничка служба** | 9 | 3 | 3 | / | / | / | / | / | / | 3 | / |
| **Директор** | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

Степен на образование на вработени:

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **Последипломски студии-втор циклус** | **1** |
| **Високо образование** | **27** |
| **Виша стручна спрема** | **4** |
| **Средно образование** | **9** |
| **Основно образование** | **1** |

-Старосна структура на вработени:

| **Години** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **20-30** | 1 |
| **31-40** | 13 |
| **41-50** | 12 |
| **51-60** | 10 |
| **61>** | 6 |

| | Наставен јазик македонски | Наставен јазик албански | Наставен јазик турски | Наставен јазик српски |
|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 18 | / | / | / |
| Број на ученици | 85 | / | / | / |
| Број на наставници | 29 | / | / | / |

**Ученици:**

| **БРОЈНА ПОЛОЖБА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОЛ** | **ЗАПИШАН** | **ПРИДОЈДЕН** | **НАПУШТИЛ** | **ОСТАНАЛ** |
| машки | 37 | 2 | 1 | 38 |
| женски | 48 | 0 | 1 | 47 |
| вкупно | 85 | 2 | 2 | **85** |

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | |
| **I** | 2 | 6 | 3 | 2 | | | | | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **II** | 2 | 4 | 0 | 3 | | | | | 0 | 0 | 1 | 0 |
| **III** | 2 | 10 | 7 | 1 | | | | | 0 | 2 | 0 | 0 |
| **IV** | 2 | 4 | 1 | 1 | | | | | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **V** | 2 | 13 | 5 | 6 | | | | | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **I – V** | 10 | 37 | 16 | 13 | | | | | 0 | 2 | 3 | 3 |
| **VI** | 2 | 15 | 6 | 6 | | | | | 0 | 1 | 2 | 0 |
| **VII** | 2 | 12 | 2 | 6 | | | | | 1 | 0 | 1 | 2 |
| **VIII** | 2 | 10 | 1 | 4 | | | | | 1 | 0 | 1 | 3 |
| **IX** | 2 | 11 | 3 | 7 | | | | | 0 | 0 | 1 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **VI–IX** | **8** | **48** | **12** | **23** | | | | | **2** | **1** | **5** | **5** |
| **I – IX** | **18** | **85** | **28** | **36** | | | | | **2** | **3** | **8** | **8** |

3. ВИЗИЈА И МИСИЈА

**Сметаме дека со целокупното залагање на наставниот кадар,стручните органи на училиштето како и организациите на учениците и родителите, соработката со локалната заедница полека се стремиме кон остварување на визијата и мисијата на училиштето.**

**ВИЗИЈАТА** кон која се стремиме е училиштето да стане место каде сите субјекти во него ќе се чуствуваат слободно и безбедно, каде максимално ќе ги развијат своите потенцијали и ќе станат компетентни за акција ( да донесуваат одлуки, да се одговорни за своите постапки, да ги знаат своите права, да ги почитуваат правата и разликите на другите и да развиваат мултикултурна средина, да се грижат за својата животна средина,активно да учествуваат во животот на училиштето, да превземаат акции и да прават промени).

**МИСИЈА** на училиштето е развивање на холистички концепт на воспитно образовната дејност-градење на здрава и стимулативна средина во која сите субјекти во училиштето ќе имаат еднакви и оптимални можности да развијат знаења, вештини и здрава животна филозофија.

4. СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

**Во текот на учебната година се користеа искуства, стекнати знаења и вештини од повеќе обуки, реализирани проекти и активности. Најголемо позитивно влијание врз подобрување на квалитетот на наставата имаа следните:**

- Стекнати добри практики преку вебинарите организирани од порталот ЕДУИНО, акредитирани обуки за наставници и стручни соработници од основните училишта во организација на Биро за развој на образование и Министерството за образование и наука.

-Стекнати интеркултурни компетенции преку кои наставниците во редовни и воннаставни активности реализираат содржини за запознавање, прифаќање и почитување на различни култури и меѓуетничка интеграција на учениците

-Искуства од проектот „Со читање до лидерство"- Читаме учиме и се забавуваме со кои наставниците се стекнале со компетенции преку користење на различни методи и техники да го олеснат совладување на наставниот материјал на учениците.

- Позитивни ефекти во областа на професионално усовршување на наставниците во областа на ИКТ во наставата, наставни методи и техники, оценување, работилници, микрософт иновативни наставници, Интел натпревар, нагледни часови,-така што секојдневна пракса за најголемиот број на наставници станаа новите методи и техники во подучувањето и оценувањето и ИКТ во наставата

- Позитивни искуства од проектот за унапредување на здравје во училиштето за интерактивен пристап во подучувањето, активно учество на учениците во животот на училиштето, холистички пристап во воспитно образовната работа-резултира со активна ученичка заедница, ученици кои знаат да проценат потреба, да направат акција и да добијат промена што е исполнување на визијата на училиштето.

-Проектот Безбедни училишта подржан од Совет на општина Куманово, СВР и ОБСЕ и оваа година продолжи со реализација во основни училишта и влезе како редовна активност во програмата на училиштето. Формираните тимови на ниво на паралеки од 6-9 одделение и тим на ниво на училиште имаат повеќе активности во текот на целата учебна година од областа на меѓусебно запознавање и почитување на други култури и националности, дружење и учење; во училиште тимовите се организираа за да ја зголемат безбедноста во училиштето и околината вклучувајќи ги сите организации и органи на училиштето-ученичка заедница, Совет на родители, вработените итн. иницираа повеќе барања за соработка со СВР Куманово, ООУ Наим Фрашери.

-Еко проектот- покрај почетните тешкотии во реализацијата на проектот од недоволна обученост на наставниците, непознавање на материјата, немање литература, оваа учебна година работите доаѓаат на свое место, со добра организираност на еко одборот, еко патролите, добро обмислени акции и кампањи се подготвуваме идната година да се кандидираме за зелено знаме

-Проектот превенција на насилство во комбинација со проектот за безбедно училиште и мултикултурна интеграција ја издигнавме свесноста за потребата од обуки за ненасилсно решавање на конфликти и медијација како непходни вештини со кои треба да се стекнат младите во секојдневното современо живеење.

-Училиште на 21 век-микробит

-Добри резултати даде и соработката со бизнис секторот во општината – ЈП Козјак Куманово кои донираат материјал за реконструкција на училиштето, ЈП Чистота и зеленило во озеленување на дел од училишниот двор, сечење на суви дрвја пред училиштето и МВР Куманово во проектот Безбедни училишта и формирање на Училишни сообраќајни единици.

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ ПОДРАЧЈА, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

- *Професионално усовршување на наставниот кадар*:

Претходните години најчеста форма за перманентно унапредување на работата на наставниците се организираните семинари организирани од Биро за развој на образованието, УСАИД и следење на стручната литература. Училиштето е претплатено на стручна литература “Воспитни крстопати” и “Просветно дело”

Во текот на учебна 2022/2023 година наставниот кадар ги посетуваше следните обуки:

| Име и презиме | Реализирана | Обука | Организатор |
|---|---|---|---|
| Анита Младеновиќ, Биљана Масевска, Весна Цветковиќ, Џулијана Илиевска Драгана Поповиќ Ивановска, Елена Стошевска, Зорица Китановска, Ивица Ѓоргиевски, Ирена Трајковска, Јасмина Трајчевска, Јасминка Љомова, Милева Илиевска, Николче Јакимовски, Рената Георгиевска, Сања Антиќ, Тања Величковска, Филип Зарковски, | 26.10.2022 и 27.10.2022 | Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост | БРО - CES - академија |
| Драгица Јовановска | 26.11.2022 | Разрешување на конфликти | БРО - Акредитираниот провајдер О3 Инвест ДООЕЛ Скопје. |
| Јелена Мандиќ, Марија Величковска | 30.11.2022 01.12.2022 | Воспитание во современ контекст; развој на социо-емоционални вештини кај учениците“ | БРО – Тетовски универзитет |
| Фросина Ефремовска Маја Станковски Розита Ѓорѓевиќ | 10.11.2022 | Професионална ориентација на ученици | Акредитираниот провајдер О3 Инвест ДООЕЛ Скопје. |
| УИТ | 21.11.22 и 23.11.2022 | Изготвување на ИОП и Модифицирана програма | МОН, БРО |
| Николче Јакимовски | 01.12.2022 | Предизвикувачко однесување - справување и добри практики | Едуино вебинар |
| Николче Јакимовски | 28.03.2023 | Нови медиуми и социјални мрежи | Едуино вебинар |
| Николче Јакимовски | 06.04.2023 | Визуелни дезинформации и фотофорензика | Едуино вебинар |
| Јелена Мандиќ | 30.9-1.10.2022г | Scientix работилница – СТЕМ училишта, како да се зголеми интересот за СТЕМ наставата, како да се развие добра СТЕМ училишна стратегија и добивање на СТЕМ ознака за квалитет. | Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕДСкопје |
| Јелена Мандиќ | 13.10.2022г. 27.10.2022г. 8.11.2022г. 10.11.2022г. 1.12.2022г. 6.12.2022г. | ЕДУИНО вебинари Сертификати за стекнати знаења | SmartUp |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јелена Мандиќ | 20-23.10.2022г | Четврта регионална конференција на Асоцијација на најдобри наставници од бившите југословенски простори AnnEx-Yu. | Асоцијација на најдобрите наставници од ExYu |
| Јелена Мандиќ | 18.10.2022г.<br>21.12.2022г. | Вебинари „Добри практики со користење на мобилни апликации во СТЕМ наставата“ | Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕДСкопје |
| Јелена Мандиќ | 25-27.11.2022г. | Работилница: Едуино Амбасадори: „Заедно кон подобро образование” | Едуино SmartUp |
| Јелена Мандиќ | 23.11.2022г. | Вебинар: „Како учионицу претворити у лабораторију” | Образовни центар СТЕМ |
| Јелена Мандиќ | 30.11.2022-1.12.2023г. | Обука на тема „Воспитание во современ контекст; развој на социо-емоционални вештини кај учениците“ | БРО |
| Јелена Мандиќ | 2.12.2022г. | Online предавање „Учење уз игру” | Институт за модерно образовање |
| Јелена Мандиќ | 22.12.2022г. | Соработка со Спона - Српски културно информативни центар и Слово единствени часопис на српски јазик во РС Македонија | СПОНА - Српски културно информативни центар |
| Џулијана Илиевска | 29. 9. 2022 | „Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“ | БРО |
| Џулијана Илиевска | 5. 10. 2022 | „Развивање на креативните вештини преку визуелни приказни“ | БРО |
| Џулијана Илиевска | 13. 10. 2022 | „Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус | БРО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на климатските промени“ | |
| Џулијана Илиевска | 27. 10. 2022 | „Улогата на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта“ | БРО |
| Џулијана Илиевска | 24. 11. 2022 | „Стимулација на говор во рана возраст + Cboard“ | БРО |
| Анита Младеновиќ, Ивица Ѓоргиевски Николче Јакимовски, Оља Наковска Сања Антиќ, Тања Величковска Маја Димовска | 21-22.6.2023 | Примена на иновативни интерактивни пристапи | БРО - CES - академија |
| Биљана Масевска, Весна Цветковиќ Драгана Поповиќ Ивановска, Елена Стошевска, Зорица Китановска, Јасмина Трајчевска, Јасминка Љомова, Милева Илиевска, Рената Георгиевска, Џулијана Илиевска | 21,23.6.2023 | Учење преку истражување, работа на проект и решавање на проблеми | БРО - CES - академија |
| Јелена Мандиќ | 24-25.8.2023 год | Стратегии за менаџмент во училница, принципи и примери на добра практика за создавање на позитивна работна атмосфера во училница и он- лајн виртуелна училница | БРО - CES - академија |
| Драгица Јовановска | 23.06.2023 год | „Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење“ | Фондација „Никола Кљусев“ |
| Марија Величковска Ирена Трајковска Дејан Евтимов | 20.06.2023 | Стратегии, методи и техники за работа со надарени деца | Обрзовна Академија Виртуал-М |
| Филип Зарковски | 21 јуни 2023 | „Настава насочена кон постигнување на резултати од учење од повисоко ниво“, | Здружение на информатичарите на Македонија |

- Одржани обуки и дисеминации-2022/2023

| Наставник | Дата | Обука/семинар/вебинар | Организатор | Место |
|---|---|---|---|---|
| Сите наставници | Јуни, Јули, Август | Обука за новите наставни програми по предмети | Биро за развој на образование | Microsoft Teams |

*Подобрување на условите за работа*: потребата е согледана од Развојниот план на училиштето за период 2020-2024 година, Самоевалуацијата 2022 и Годишната програма на училиштето за учебна 2022/2023 година :

Во текот на 2022/2023 година се продолжи со опремување на училиштето и со подобрување на условите за работата, зголемување на безбедноста на учениците во склад со развојниот план на училиштето донесен за 2020-2024.

Училиштето во изминативе години континуирано работи на подобрување на материјално-технички услови така трендот се продолжи во во текот на оваа година. Училиштето и оваа учебна година обезбеди материјални средства потребни за во настава како донација на Х.З.Г Садакаја и тоа: 1 Демостративен часовник, 1 Вага за течност и тежина, 1 Мини систем, 2 Зелена табла, 2 Плутана табла, 2 Едукативни игри по математика, 2 Едукативни игри по македонски, 2 Постери свет на животни, 2 Танграм, 4 Броеви до 100 – слика, 2 Азбука кирилица печатна и ракописна, 2 Азбука латиница, 3 Дидактички материјали за 1,2,3 одд. Пакет едукативни материјали и училишен прибор беа дел од училницата на I-1одд. добиени од страна на тренинг центар за интеркултурно образование Нансен Дијалог Центар Скопје.

Страна на училиштето редовно се ажурира и се објавуваат позначајни активности, и група на наставнички колегиум на интернет на која се споделуваат информации и соопштенија во врска со работата и работните обврски.

На дел од ѕидовите во ходниците се исцртани графити од учениците.

Важните информации за настани и активности за цела недела со цел подобро информирање и подобрување на транспарентноста на случувањата од важност за наставниот кадар и училишното раководство се објавуваат на бела табла во наставничката канцеларија.

Во училишниот хол на видливо место има табла за споделување на информации за ученици.

За потребите на училиштето има две големи платна односно завеси кои служат за уредување на холот при организирање на свечени настани и манифестации во училиштето.

Оваа учебна година наставата се реализираше so физичко присуство, активностите со учениците беа реализирани во училиштето, а за потребите на наставниците и учениците беа користени и електронски платформи и апликации: Teams, Edmodo, Eduino, Messenger, Facebook, Viber во зависност од можностите на учениците и наставниците, а редовната настава се одвиваше во училиштето со физичко присуство за сите ученици од I – IX одделение со почитување на сите мерки и протоколи.

- *Реновирање на инфраструктурата на училиштето:* потребата е согледана од Развојниот план на училиштето за период 2020-2024 година и Самоевалуацијата 2022 година.

Во изминатиот период беа реновирани кровот на училиштето и столарија на првиот и вториот спрат со средства кои училиштето ги доби како донација од Јапонската амбасада, сменети се и прозорците на приземјето и во училиштето е изграден тоалет за ученици со посебни потреби.

Фискултурната сала која се користи заедно со ООУ „Наим Фрашери“ целосно е реновирана– опремена со нов паркет, фасада, целосно опремени купатила- санитарии, прозори и сл. во соработка со Општината.

Што се однесува до малата фискултурна сала за одделенска настава оваа учебна година реновиран е подот ,поставена е вештачка трева и е набавена соодветна опрема. Адаптирана е просторија во приземен дел поранешна училница на ученици од прво одделение за ученици од осмо и петто одделение за потреби на ученик со инвалидитет.
-Од сопствени средства поставен е паркинг за велосипеди (за 7 велосипеди) и рампа за инвалидни лица на влезните скали, а оваа учебна година е направена и влезна врата за училишниот двор.
- Со донација од МОН и Општина Куманово изградено е игралиште за кошарка со трибини во училишниот двор

Во делот на чистење, опремување и дезинфекција завршени се:

- Набавка и замена на дотраени светлечки елементи во училници и холови
- Набавка и поставување на искршени санитарии
- Поткрпување и кречење на оштетени делови на ѕидови во холови и училници
- Реконструкција на ѕидови и цокла на 1 и 2 кат и 12 санитарни јазли и санитарен јазол за ученици со посебни потреби

Од приоритетите зацртани во годишната програма во тек е постапка за реализација:
-реновирање на фасада на училишниот објект за зголемување на енергетската ефикасност

## 6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА ПО СТРУКТУРНИ ПОДРАЧЈА

Учебна година започна на 1.09.2022 година и се до нејзино завршување на 14.6.2023 со физичко присуство на учениците. Наставата се реализираше со 180 наставни денови според Календарот на учебна 2022/2023 година пропишан од МОН (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 159/21, 13/22 и 127/22).

Реализација на воспитно-образовната работа се одвиваше според утврдена динамика на Годишната програма по сите структурални подрачја.
Пред почетокот на учебната година сите наставници добија задолженија од сите подрачја на воспитно-образовната дејност:

- задолжителна настава по план и програма за девтгодишно од 1-9

-изборна настава (6одд-Запознавање со религии; 7одд–Проекти од ликовно; 8одд – Истражување на родниот крај; 9 одд – Програмирање, СИП (Слободен изборен предмет за учениците од I и IV и V одделение) и Слободни активности за ученици од I и II одделение.

-Одделенски час (Образование за животни вештини)

-Дополнителна и додатна настава;

-Слободни ученички активности и проектни активности

-Ученички екскурзии и други вонанставвни активности

-Општествено корисна и хуманитарна работа

-Грижа за здравјето и заштита на на учениците

-Соработка со локалната заедница

Оваа учебна година сите структурални подрачја се реализирани според планираниот број на часови, во рамките на реализираните наставни денови. Се забележува зголемен броја на часови од подрачјето грижа за здравје, а се забележува и пројавување на интерес и се воведуваат нови начини за соработка со локалната заедница и ЕКО содржини.

| | Ред. настава | Одделен. час | Дополнителна и додатна | СУА | ВНА | ОКХ | Здрав. заштита | ИКТ | МИО | ЕКО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-1 | 793 | / | / | / | 195 | 20 | 31 | 200 | 25 | 20 |
| I-2 | 793 | / | / | / | 11 | 20 | 31 | 200 | 25 | 20 |
| II-1 | 793 | / | 72 | 85 | 25 | 14 | 25 | 256 | 15 | 28 |
| II-2 | 793 | / | 72 | 85 | 25 | 14 | 25 | 256 | 15 | 28 |
| III-1 | 968 | 35 | 38 | 38 | 24 | 16 | 33 | 200 | 105 | 137 |
| III-2 | 968 | 35 | 38 | 38 | 24 | 16 | 33 | 200 | 105 | 137 |
| IV-1 | 900 | 37 | 74 | / | 16 | 11 | 44 | 320 | 15 | 15 |
| IV-2 | 900 | 37 | 74 | / | 16 | 11 | 44 | 320 | 15 | 15 |
| V-1 | 934 | 33 | 75 | 16 | 72 | 13 | 25 | 66 | 30 | 27 |
| V-2 | 933 | 16 | 80 | / | 57 | 19 | 43 | 66 | 30 | 27 |
| VI-1 | 1152 | 35 | 70 | 26 | 38 | 36 | 28 | 256 | 32 | 26 |
| VI-2 | 1123 | 35 | 56 | 32 | 20 | 11 | 11 | 94 | 2 | 10 |
| VII-1 | 1086 | 35 | 65 | 72 | 78 | 23 | 25 | 194 | 30 | 35 |
| VII-2 | 1086 | 35 | 65 | 72 | 78 | 23 | 25 | 194 | 30 | 35 |
| VIII-1 | 1119 | 35 | 68 | 68 | 50 | 28 | 36 | 255 | 15 | 240 |
| VIII-2 | 1119 | 35 | 68 | 68 | 50 | 28 | 36 | 255 | 15 | 240 |
| IX-1 | 1222 | 35 | 64 | 16 | 20 | 22 | 29 | 191 | 9 | 15 |
| IX-2 | 1231 | 35 | 68 | 39 | 65 | 23 | 29 | 415 | 87 | 75 |

Во рамки на одделенскиот час на учениците им се презентирани теми од животни вештини. Главна цел на наставниците при спроведувањето на часовите на животни вештини беше, не само да ги научат децата кои животни вештини постојат, туку и да ги научат како да ги применуваат, односно како знаењето на децата да го претворат во однесување. Сето тоа со цел да се придонесе за личниот, емоционалниот и социјалниот развој на детето, како и за неговата физичка, ментална и социјална добгосостојба. Директорот и стручната служба ја следеа реализацијата на работилниците за животни вештини и ги поддржуваа наставниците кои имаа потешкотии со реализацијата.

| Реализирани работилници од животни вештини на одделенски час | Одделение | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупен број на работилници по тема |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | | |
| Работилници за личен раст иразвој | 8 | 8 | 2 | 2 | | | 3 | 3 | 13 | 8 | 8 | 9 | | | 25 | 25 | 15 | 15 | 184 |
| Работилници за здрави животни стилови -здравје | 10 | 10 | 2 | 2 | | | 11 | 11 | 11 | 3 | 6 | 6 | | | 5 | 5 | 7 | 7 | 130 |
| Работилници за унапредување на комуникација и превенција нанасилство | 11 | 11 | 4 | 4 | | | 23 | 23 | 9 | 5 | 7 | 2 | | | 5 | 5 | 10 | 10 | 157 |
| Вкупно по одделение | 29 | 29 | 8 | 8 | | | 37 | 37 | 33 | 16 | 21 | 17 | | | 35 | 35 | 32 | 32 | 471 |

Беше зголемена контролата на користење на современи наставни средства и помагала а особено ефикасноста на користење на ИКТ во наставата и педагошка евиденција и документација, особено е-дневник, од страна на директорот и стручната служба и со посета на часови по изготвен распоред и протокол за следење на сите наставници а особено приправници и фидбек на наставниците; и од ДПИ И МОН со извршени повеќе вонредни инспекциски увиди.

# 7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

- **Извештај од проект: Еко –училиште**

*** Формирање на еко-одбор**

Членови на нашиот еко одбор се: директорот на училиштето, психологот, педагог, предметни и одделенски наставници, претставници од техничкиот пероснал, ученици, претставник од медиумите, претставник од совет на родители, претствник од НВО, претставник од бизнис сектор и претставник од општина. Членовите од еко-одборот учествуваат во планирање, организирање и реализирање на активностисте од Програмата. Во еко-одборот се вклучени 12 ученика (5 момчиња и 7 девојчиња). Бројот на наставници вкличени во еко-одборот е 10 ( 1 машко и 9 женски наставници).

***Анализа на состојбата на животната средина**

Нашето училиште има изработено анализа на состојбата на животна средина. Во реализација на анализата на состојбата учествуваа ученици, наставници, претставници од стручна служба и директорот. Анализа на состојба на животна средина беше спроведена со цел да се добие јасна слика за еколошката состојба во училиштето. Со цел да помогне во идентификување на работите кои можат да се подобрат се направи истражување во неколку области: здравје, училишна околина, намалување на отпад, транспорт, енергија, вода, при што се земен во предвид четирите еко-стандарди. Прашалниците содржат неколку прашања кои бараат одговори од типот да/не и на нив одговараат ученици, наставници, родители.При изработка на овие прашалници се послуживме со (Анекс 2) од прирачникот „Како да се стане еко-училиште”.Добиените резултати ја покажуваат состојбата во училиштето по области. Резултатите од анализата и изведените заклучоци беа презентирани со презентирање на годишната програма за работа на училиштето на наставничкиот совет

***План на активности**

Нашето училиште има изработено план на активности. Планот на активности беше изработен врз основа на еко-стандардите и приоритетите кои ги добивме од анализата на состојбата. При изработка на планот на активности северодевме според ревидираниот Анекс 3 од прирачникот „Како да се стане еко-училиште” во кој од учебнта 2018/19 година е извршено ревидирање на стандардите, точките на акција и критериуми за апликација . Планот на актвност содржи 4 точки од ЕКО СТАНДАРД 1. ЕНЕРГИЈА и 4 точки на акција од ЕКО СТАНДАРС 5. ОТПАД. Стандардот за отпад како задолжителен ни беше приоритетен и оваа учебна година.Членовите на еко одборот беа вклучени во планирање, организирање и реазлизирање на предвидените активности. Учениците беа актвино вклучени во планирање, организирање и реазлизирање на предвидените активности.

***Следење и евалуација на напредокот**

Нашето училиште има направено следење и евалуација на напредокот. При изработка на овој чекор се послуживме со Анекс 4 од прирачникот „Како да се стане еко училиште” и прилог број 6 (формулар). Поголем дел од активностите предвидени за оваа учебна година се реализирани.

*** Поврзување со наставната програма**

Како дел од Годишната програма за работа на училиштето меѓу друго е и Програмата за еколошка едукација. Во програмата за еколошка едукација се планира и нејзиното поврзување со наставата, за таа цел се планира реализација на еколошки содржини од 9те теми предвидени по различни предметеи од одделенска и предметна настава: информатика, математика, географија, историја, биологија, хемија, ликовно образование, запознавање на околината, природа, општество, работа со компјутер, музичко образование, етика, природно науки, граѓанско образование и др.(Прилог 6)

*** Информирање и вклучување на целото училиште и пошироката заедница**

Нашето училиште ги извастува учениците, вработените, родителите и сите останати во однос на спроведените активности од Програмата, во облик на соопштенија и извештаи кои се истакнуваат редовно на огласна табла во училиштето, на електронското гласило на училиштето и преку електронски медиуми.

*** Еко-кодекс**

Нашето училиште има изработено еко-кодекс. Во неговата изработка беа вклучени ученици членови на еко секција и наставници. Еко кодексот беше истакната во холот на училиштето.

Вклучени ученици во реализација на програмата 85 ученици (38 момчиња и 47 девојчиња)

Вклучени наставници во програмата 28 наставници (5 мажи и 23 жени)

*II.Активности од четирите еко-стандарди*

Нашето училиште има изработено план на активности. Планот на активности беше изработен врз основа на еко-стандардите и приоритетите кои ги добивме од анализата на состојбата. При изработка на планот на активности се послуживме со со Анекс 3 од прирачникот „Како да се стане еко-училиште”. 4 точки на акција од ЕКО СТАНДАРД 5. ОТПАД имаме вметнато во планот на активности. ЕКО СТАНДАРД 5. ОТПАД како задолжителен ни беше приоритетен.

Кои точки на акција од еко-стандардите ги имате реализирано и какви се придобивките од нивната реализација?

| |
|---|
| 1. Поставување на корпи за селекција на отпад, целта беше воспоставување на пракса за селекција на отпад, ова беше предвидено да се реализира во текот на целата учебна година.<br>2. Евиденција на собраниот отпад, целта беше следење на процесот на селекција и намалување на отпад, ова беше предвидено да се реализира во текот на целата учебна година.<br>3. Поставување упатства за селекција на отпад на видно место, со цел едукација за намалување на отпад преку организирана селекција.<br>4. Поставување упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија со цел едукација за заштеда на енергија, ова беше предвидено да се реализира во текот на целата учебна година.<br>5. Формирање на еко-патроли кои ќе го следат, надгледуваат и котролираат процесот на имплементација на овие активности, со цел следење, надгледување и контролирање на селекцијата на отпадот.<br>Учениците беа актвино вклучени во планирање, организирање и реазлизирање на точките на акција од избраните еко-стандарди. |

| Датум | ЕКО активности: | Реализатор |
|---|---|---|
| 21.10.2022 | На часовите по ликовно образование - Уредување на училишен хол „Есен во нашето училиште“ со изработка на слика од разни материјали за рециклирање (изработка на оригами од хартија) и поставување на истатата во холот на училиштето. | Ученици од 1 до 5 одд. |
| 05.03.2022 | Одбележување на „ Светски ден на заштеда на енергијата“, со изработка и презентирање на презентација. | Ученици од 7 до 9 одд. |
| 21.03.2023 | Одбележување на Ден на пролетта и денот на екологијата со уредување на училишен хол „Пролетта пристигна во моето училиште“ со изработка на слика од разни материјали за рециклирање и поставување на истата во холот на училиштето, а со тоа разубавување на училишниот простор. Изработеното пано е поставено во холот на училиштето<br>Чистење и уредување на училишниот двор. | Ученици од 1 до 5 одд.<br>Ученици од 6 до 9 одд. |
| 22.03.2023 | Одбележување на „ Светски ден на заштита на водите“ со презентација за „Значење на водата“ | Ученици од 6 до 9 одд. |
| 17.04.2023 | Одбележување на „ Светски ден на здравјето“, предавање на одделенски час | Ученици од 6 до 9 одд. |
| 24.04.2023 | На одделенски час - Предавање на тема „ Дрвјата се фабрики за чист воздух “- предавање и сликање на истата тема и изработка на креативни цртежи, поставени на пано во училница. | Ученици од 1 до 5 одд. |

| | | |
|---|---|---|
| 24.04.2023 | Учениците од ООУ„Вук Караџиќ“ - Куманово, по повод Денот на планената Земја без отпад, преземаа низа активности со цел да се одбележи овој настан. Целта е да се развие свеста за нивната улога во чиста и здрава околина и да ја сфатат суштината и последиците од загадувањето и фрлањето отпадоци.<br>Се спроведоа активности за чистење на училишен двор и предавање за штетни последици од фрлање отпад, правилна селекција на отпад, како и негова пренамена во нешто корисно.<br>Изработка и презентирање на презентација за „Отпад“<br>Беше уреден и засаден садникот со цвеќе пред влезот на училиштето.<br>Ученици од 1 до 5 одд. изработуваа разни предмети од отпаден материјал и ги пренаменуваа во корисни, садеа цвеќе и ја разубавија училницата со зеленило. | Ученици од 1 до 5 одд.<br>Ученици од 7 до 9 одд. |
| 1 до 5.6.2023 | Одбележување на „Светски ден за заштита на животната средина“, преку организирање спорски игри од забавен карактер, каде присуствуваа гости од други училишта. | Ученици од 1 до 5 одд. |
| 24.05.2023 | Одбележување на „Светски ден против пушењето“, предавање на одделенски час | Ученици од 6 до 9 одд. |

Предвидените цели се успешно реализирани. Учениците со задоволство учествуваа во сите планирани активности, покажаа голема заинтересираност и креативност при нивно спроведување. И во наредната учебна година ќе продолжиме со планирање и реализација на точките на акција од еко стандардот Отпад, и од другите еко стандарди водејќи се од анализата на животната средина и според планот на активности за новата учебна година.

- **Проект – „Меѓуетничка интеграција во образованието”**

Оваа учебна година беа реализирани повеќе самостојни активности но имаше и реализација на активности со партнер училиште

| Активност | Опис на активноста | Податоци/индикатори | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Единица мерка | број | % |
| 1.Животни вештини | Одржани одделенски часови | Сите ученици од 1-9одд<br>Број на реализирани часови | 85 | 100<br>395 |
| 2. Заедничка активност со ООУ Дитурија | Реализација на заеднички активности во рамки на проект | Ученици од 6 - 9 одд | 28 мак<br>28 алб.<br>3 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | финансиран од МОН<br>- Ликовна работилница<br>- Фолклорна работилница | Број на реализирани работилници | | |
| 3. Заедничка активност со ООУ Дитурија | Ученици од 6 - 9 одд<br>Посета на Музеј на град Куманово<br>Посета на Липковска брана | Број на реализирани посети | 1<br>1 | |

## Проект – „Безбедни училишта

| Одделенски тимови за безбедност | | | Тимови за безбедност по паралелки | УЧИЛИШЕН ТИМ ЗА БЕБЕДНОСТ |
|---|---|---|---|---|
| **Одд.** | **Позиција** | **Име и презиме** | **Име и презиме** | **Име и презиме** |
| **VI¹** | кл. Раководител<br>ученик | Дејан Евтимов<br>Калист Кузмановски | Дејан Евтимов **класен раководител** Магдалена Кузмановска **Родител** Калист Кузмановски **ученик** | **Розита Ѓорѓевиќ– психолог – координатор**<br>**Анита Младеновиќ Класен раководител**<br>**Ученици:**<br>**Калист Кузмановски VI одд**<br>**Лела Пандиловска VII одд**<br>**Анабела Димковска VIII одд**<br>**Андреа Георгиевска IX одд**<br><br>**Родители:**<br>**Магдалена Кузмановска**<br>**Елизабета Пандиловска**<br>**Емилија Димковска**<br>**Рената Георгиевска** |
| **VI²** | кл. Раководител<br>ученик | Ирена Трајковска<br><br>Бисера Петковска | | |
| **VII¹** | кл. Раководител<br>ученик | Ивица Ѓорѓиевски<br>Григорија Антевска | Сања Антиќ **класен раководител** Елизабета Пандиловска **Родител** Лела Пандиловска **ученик** | |
| **VII²** | кл. Раководител<br>ученик | Звонко Кипријановски<br>Лела Пандиловска | | |
| **VIII¹** | кл. Раководител<br>ученик | Јасминка Љомова<br>Марија Стојановска | Драгана Поповиќ Ивановска **класен раководител** Емилија Димковска **Родител** Анабела Димковска **ученик** | |
| **VIII²** | кл. Раководител<br>ученик | Драгана Поповиќ Ивановска<br>Анабела Димковска | | |
| **IX¹** | кл. Раководител<br>ученик | Анита Младеновиќ<br>Клаудија Митровска | Зорица Китановска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| IX² | кл. Раководител<br>ученик | Зорица Китановска<br>Андреа Георгиевска | **класен раководител**<br>Рената Георгиевска<br>**Родител**<br>Андреа Георгиевска<br>**ученик** | |

| **Активности** | **Динамика** |
|---|---|
| Согледувања на безбедносната состојба на ниво на училиште од страна на училишниот психолог и тимот за безбедност составен од по еден ученик на ниво на одделение. | На крај на секој месец во текот на учебната година |
| Предавање од страна на Отсек за превенцијана тема: Насилство меѓу врсници, Злоупотреба на опојни дроги, Говор на омраза со ученици од 7 до 9 одделение. | 23.11.2022 година |
| Ученици од училиштето имаа можност да проследат предавање за заштита од пиротехнички средства и безбедни Новогодишни празници во сала на поранешен комитет. | 19.12.2022 година |
| Претставници од страна на Отсек за превенција оддржаа предавање за учениците од седмо, осмо и деветто одделение | 10.02.2023 година |
| Учениците од 1 до 3 одделение, имаа предавање од страна на стручно лице од оддел за превенција на тема " Безбедно дома и на улица " | 23.3.2023 година |

## 8. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ И НАТПРЕВАРИ

Во учебната 2022/2023 година активно работеа и ученичките секции. Меѓу најактивните беше литературната и ликовна во одделенска и предметна настава, математичките секции,природни науки, физика, хемија, биологија, информатика, училишен спорт. Сите се трудеа да ги развијат креативните потенцијали кај учениците, да ги промовираат талентите. Учествуваа на повеќе училишни, општински, републички и државни натпревари, конкурси, турнири,

| **Ученик** | **Одд.** | **Натпревар/ манифестација/проект** | **Време** | **Ментор** | **Награда** |
|---|---|---|---|---|---|
| Јована Димишковска | II | Меѓуопштински натпревар во атлетика на 60м - женски | 17.10.2022 | Филип Зарковски | I место |
| Јована Димишковска | II | Улична атлетска трка на 150м – женски | 17.10.2022 | Филип Зарковски | II место |
| Училишен тим во одбојка - женски | | Турнир по повод 8 Септември во одбојка - женски | 17.10.2022 | Филип Зарковски | II место |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишен тим во одбојка - женски | | Турнир по повод Ден на училиште во одбојка - женски | 11.11.2022 | Филип Зарковски | II место |
| Марија Стојановска<br>Теја Белчевска | VIII<br>VIII | Бадминтон по повод 11 Ноември | 11.11.2022 | Филип Зарковски | I место<br>II место |
| Андреа Георгиевска<br>Теодора Колевска | IX²<br>IX² | Натпревар во велосипедизам „Вешто возење“ по повод 11 Ноември | 11.11.2022 | Филип Зарковски | I место<br>II место |
| Играорна група | | Фестивал на народни игри и песни со натпреварувачки карактер „Балкан фест“ - Куманово | 22.10.2022 | Надворешен соработник - Перица Димковски | Најдобар ансамбал за соработна, најдобра кореографија |
| Играорна група | | Учество на манифестација по повод 11 Ноември - Ден на градот | 11.11.2022 | Надворешен соработник - Перица Димковски | |
| Сите | I¹ | Реализација на интеркултурни работилници во рамки на Нансен Дијалог Центар Скопје | 1.10-30.12.2022г<br>23.1-14.6.2023г. | Јелена Мандиќ | |
| Мерима Сабединова<br>Бојан Христовски<br>Мануела Денковска | I¹<br>I²<br>I² | Учество на ликовна работилница по повод 5 Октомври - Светски ден на учителот. Изработка на честитка за учителката, организирано од ЗОН-Учител во соработка со градска библиотека. | 5.10.2022г. | Јелена Мандиќ | Благодарница |
| Сите<br>Мерима Сабединова | I¹ | Учество на новогодишен конкурс со новогодишни изработки распишан од Либи и Прв Детски Клик списание за прво одд. | 18.12.2022г. | Јелена Мандиќ | Сертификат<br>3 награда |
| Сите | I¹ | Учество на ликовен конкурс на тема: Народна носија организиран од НУ Музеј на РС Македонија | 20.12.2022г | Јелена Мандиќ | Благодарница |
| 10 ученици | | Натпревар “Дабар 2022” | | Тања Величковска | Сертификат |
| Мерима Сабединова<br>Бојан Христовски<br>Мануела Денковска | I¹<br>I²<br>I² | Реализација на активностите од Недела на информатиката 2023г.преку Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕДСкопје | 13.02.2023г | Јелена Мандиќ | Сертификати |
| Флоријан Сакиповски<br>Рабена Саитовска | IX²<br>VIII¹ | Меѓународниот ден на Ромите - литературно читање | 7.4.2023 | Николче Јакимовски | пофалници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бојан Христовски, Мануела Денковска, Мерима Сабединова, | I[1] | Меѓународен проект „Нашата училница низ објективот на дигиталната технологија" | 10.4.2023 | Јелена Мандиќ | Сертификати |
| Мануела Денковска | I[2] | Манифестацијата "Велигден, ист на различен начин" | 18.04.2023 | Елена Стошевска | I место најубава велигденска кошница<br>3 место за рецитаторска творба |
| Андреа Георгиевска | IX[2] | Регионален натпревар во хорови, оркестри и солисти | 20.04.2023 | Ирена Трајковска | I место |
